# ДОГОВОР
## за доделување на специјална линија за донации

Склучен во Скопје помеѓу:

1. **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, застапувано од Раководител за правни и корпоративни прашања, Маја Јакимовска како полномошник и Раководител на оддел за корпоративни комуникации, Елена Димовска како полномошник (во натамошниот текст: **Оператор**)

2. ______________________________ од ______________________, со постојано место на живеење на ул. __________________________________________, со ЕМБГ _______________ и број на лична карта _________________ издадена од МВР ________________ (во натамошниот текст: **Примател на донација**)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Врз основа на овој Договор, Операторот на Примателот на донација му овозможува отворање на специјална телефонска линија наменета за донирање на парични средства од крајните корисници на Операторот, заради остварување на хуманитарна цел - собирање на парични средства на Примателот на донација согласно податоците наведени во Барањето за отворање на специјална линија за донации поднесено до Операторот, кое се смета како составен дел на овој Договор.

**Член 2**

(1) За остварување на целта наведена во член 1 од овој Договор, Операторот на Примателот на донација му доделува на користење специјална телефонска линија.
(2) Наведената телефонска линија ќе биде активна за донирање на парични средства до собирање на износот на парични средства наведен во Барањето, а најмногу во период од 6 (шест) месеци. По исклучок, по поднесено писмено барање за продолжување на линијата за донации во кое се наведува причината поради која е потребно продолжувањето, линијата ќе продолжи да биде активна за период од дополнителни 6 (шест) месеци.
(3) Секој успешно направен повик, Операторот ќе го наплати од својот краен корисник по цена од 100,00 денари.
(4) Доколку Примателот на донација јавно ги објавува или на друг начин ги промовира телефонските броеви од специјалните телефонски линии за донации, должен е при тоа јасно да го наведе и износот утврден во став 3 од овој член, кој секој краен корисник го донира со секој направен повик.
(5) Операторот има право веднаш да го деактивира доделениот број за донации доколку утврди дека истиот се злоупотребува, односно се користи за друга намена или се објавува на начин на кој не е експлицитно наведена вистинската намена на бројот и цената на еден повик.

**Член 3**

(1) По правило, Операторот ги исплаќа паричните средства донирани од неговите корисници преку реализирани повици на истекот на периодот на активност на доделените специјални телефонски линии, веднаш но не во период подолг од 15 (петнаесет) дена од исполнувањето на еден од следните услови:

- затворањето на специјалната линија за донации поради истек на времетраењето на линијата;
- по барање на Примателот на донација за предвремено исплаќање на дел од донацијата која до тој момент била донирана од корисниците на Операторот со

образложение за причината за предвремено плаќање и приложување на соодветен доказ за тоа (медицинска документација, про-фактура/фактура и сл.)

- по прием на известување од чл.5 од овој договор
- во случај кога потребниот износ на парични средства наведени во Барањето, донирани од корисниците на Операторот, се собрани пред истекот на времетраењето на линијата дефиниран во овој Договор.

(3) Исплатата на средствата може да се изврши само на сметката наведена во Барањето и VSD (Vendor Self Declaration) форма.

(4) Средствата кои се донирани преку специјалната телефонска линија се даночно ослободени согласно член 12 точка 32 од Законот за данок на личен доход.

(5) Доколку Примателот на донација дел/сите донирани парични средства не ги искористи за намената за која е отворена специјална линија за донации, согласно закон е должен да го пријави износот во пресметката на е-ППД до 10[от] ден во наредниот месец од месецот кога е извесно дека нема да ги искористи средствата во целост и да плати данок на личен доход до 15от ден од истиот месец.

(6) Доколку периодот во кој специјалната телефонска линија за донации е отворена е подолг од еден месец, по барање на Примателот на донацијата, Операторот на месечно ниво ќе му издава Потврда за примени средства преку специјалната телефонска линија.

**Член 4**

Примателот на донацијата е должен донираните средства уплатени од Операторот да ги користи само за исполнување на хуманитарната цел утврдена погоре, за што е должен по барање од надлежен државен орган да достави соодветни докази за распределбата и намената на потрошените парични средства.

**Член 5**

(1) Примателот на донација е должен веднаш да го извести Операторот доколку во тек на важење на овој Договор настанат околности поради кои се губи потребата од специјалната линија за донација (на пр. Фондот за здравствено осигурување на РС Македонија или друга организација одобри средства за лекување, настане смрт на лицето на кое се однесува донацијата, итн.).

(2) По прием на известувањето за настанување на било која од околностите наведени во став 1 од овој член, Операторот веднаш ќе ја деактивира специјалната линија за донации доделена на Примателот на донација и ќе ги исплати дотогаш собраните средства на Примателот на донацијата во рокот утврден во чл.3 став (1) на овој договор.

**Член 6**

(1) Операторот е посветен на вршење на неговите деловни активности на фер, чесен и транспарентен начин кој е во согласност со применливите анти-корупциски и други важечки закони во Република Северна Македонија и во таа насока Примателот на донација потврдува дека неговите менаџери, вработени или било кои негови посредници немаат дадено, ветено, примено или прифатено било каква парична исплата или други видови на незаконски стекната добивка и корист во врска со преговарањето и/или склучувањето на овој Договор.

(2) Операторот се спротивставува на било каков вид на коруптивни практики вклучувајќи, но не ограничувајќи се на поткуп, перење на пари или стекнување или нудење на било какви други добивки или обезбедување на предности кои се незаконски и/или кои ги прекршуваат општите принципи на деловната етика, со цел да се стекне несоодветна предност или корист заради добивање или задржување на бизнис или обезбедување на незаконско влијание од било кој државен службеник, вработени или раководители во државни институции, политички партии или нивни претставници или било кои други компании, организации или трети страни. Преземањето на било каков вид на коруптивни активности од Примателот на донација, директно или преку трети страни ќе се смета за сериозно прекршување на овој Договор.

(3) Прекршувањето на одредбите од овој член му дава на Операторот неотповикливо право да ја раскине важноста на овој Договор со моментален ефект преку испраќање на писмено

известување при што ваквото прекршување претставува валидна основа за побарување на сите дополнителни трошоци и/или штети предизвикани на Операторот или неговата деловна репутација поради прекршување на анти-корупциските принципи од страна на Примателот на донација.

**Член 7**

Личните податоци на Примателот на донација ќе се собираат и обработуваат исклучиво за целта за отворање на специјалната телефонска линија за донација. Обработката на личните податоци ќе се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци применливи во Република Северна Македонија.

**Член 8**

(1) Овој Договор ја изразува целокупната волја на договорните страни и ги заменува сите претходно вршени разговори, преговори и спогодби.

**Член 9**

За правата и обврските кои не се утврдени во овој Договор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, како и останатите применливи прописи кои важат во Република Северна Македонија.

**Член 10**

(1) Секој спор кој може да се појави во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го решат спогодбено и во добра волја.
(2) Доколку Договорните страни не успеат да постигнат согласност за спорот, надлежен за негово решавање е Основниот граѓански суд Скопје.

**Член 11**

Овој Договор е потпишан во 2 (два) примерока, од кои по 1 (еден) примерок за секоја договорна страна.

**А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Раководител за правни и
корпоративни прашања
Маја Јакимовска, полномошник

________________________

Раководител на оддел за
корпоративни комуникации
Елена Димовска, полномошник

________________________

**Примател на донација**

___________________________
*(име и презиме)*

__________________________
(*потпис*)